38617



## Илија Пенушлиски, сликар

# РЕНЕСАНСАТА Е НАПРАВЕНА ПО НАРАЧКА

Светлана Смилевска

**ПУЛС: Интригира податокот дека во Македонија постои мал број слободни уметници. Некои од нив статусот го имаат под присила - немање можност да се вработат, на пример, но вистинските слободни уметници се малубројни. Како дојдовте до таа определба, иако знаевте дека таа носи висок ризик?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Не знам точно колку слободни уметници има во Македонија меѓу сликарите. Во генерацијата сликари на која ѝ припаѓам имаше пет или шест, но сега речиси сите се вработени, и тоа главно како професори на Факултетот за ликовни уметности. Што се однесува до мене, јас не станав слободен уметник затоа што не постоеја други варијанти - вработување во соодветни културни или образовни институции. За мене тоа е прашање на избор..Ако претпоставиме дека се познавате себеси, а јас верувам дека тоа е една од ретките работи во која сум сигурен, дури и по цена на грешка, тогаш е јасно зошто отсекогаш сум мислел дека најдобро ќе функционирам како слободен уметник. Во крајна линија и не само кога станува збор за сликарството, слободата е прашање на сопствената храброст да се поднесе таа слобода.



**Илија Пенушлиски, можеби најскопскиот ликовен уметник, за цело време на своето творење работи како слободен уметник. И тоа му успева**

**ПУЛС: Но, слободниот уметник мора да прави компромиси: на пример, да се прилагодува на пазарот и на некои други моменти што му ја обезбедуваат егзистенцијата. Колку сте вие готови на компромиси?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Во годините кога бев помлад, по завршувањето на Академијата, самиот збор компромис споменат во контекстот на сликарството, мое или туѓо, значеше навреда. Мислев дека се подразбира дека на сликарството му се даваш или докрај или никако. Не случајно, некаде во тоа време, Годар ни ја даде фаталната формула содржана во насловот на филмот „До последниот здив". Како одминува времето, по прашањето на компромисот се однесувам повеќе или помалку цинично. Најпосле, историјата на сликарството не познава ништо друго освен „компромиси". Можеби треба да разјаснам што значат за мене тие „компромиси". Целата ренесанса е порачка: **Микеланџело, Рафаел, Тицијан...** Да не зборуваме за **Диего Родригез да Силва и Велазкез**, големиот дворски церемонијал мајстор кој со децении правеше портрети на шпанската кралско семејство. Пред овие „компромиси" нашите сликарски напори добиваат димензија на немоќ и беда. Истото важи и за Византија: црковните канони, барањата на ктиторите, па дури и технолошкиот избор се елементи што византиските мајстори морале да ги почитуваат. Нашето скромно време, пак, ќе остане обележано од силните монументални споменици создадени од уметници кои својата егзистенција трајно ја обезбедувале на друг начин. Мојот најголем компромис се состои во тоа што само одвреме навреме, кога финансиски добро стојам, си дозволувам работа на големи формати, или, ако сакате, се честам со големи формати.

**ПУЛС: Завршените слики повеќе не им припаѓаат на авторите. Најверојатно има такви слики што не би ги продале?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Понекогаш се случува со некоја слика да остварите специјална врска. Во моментот ви се чини дека таа за вас има посебно значење. Причината не мора да биде во тоа што сликата е подобра од другите, туку затоа што во неа е содржано нешто што само за авторот претставува некаков патоказ, некакво упатство или насетување на нешто што допрва ќе го правите. Инаку, приказните за сликите што, кога ги давате, како да губите дел од себе се евтини мистификации. Завршената слика поседува сопствен живот. Нејзе често ѝ се случува самата да се досликува. Ќе се сретнете по десетина години и ќе видите дека во неа веќе нема ни дел од вас.

**ПУЛС: Едно чисто теоретско прашање: дали се согласувате дека сликарството е момент на инспирација?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Не им припаѓам на оние што сметаат дека моќта на инспирацијата може да ја објасни тајната на творењето. А и самиот збор тајна е пресилен. Романтичарската идеја за инспирацијата како божји дар, како просветлување што ве води кон сопствената естетска вистина, е чиста литература. Сликарството е резултат на промислена и макотрпна работа, бавно движење во кое се откриваат и случуваат значајни мали промени што полека ги нагризуваат претходните проверени сознанија и ставови. Така, и без да забележите, и тука е можеби единствената тајна, ќе се најдете во еден простор каде што се чувствувате нов.

**ПУЛС: Кога ја приредивте последната изложба?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Последната изложба ми беше во Даут Пашиниот амам во Скопје, 1987, и во Уметничката галерија во Штип, истата година. Оттогаш наваму учествував на десетина групни изложби. Некои од нив беа особено убави изложби. Таква беше изложбата на македонското модерно сликарство во Љубљана, 1989, потоа во Нирнберг 1990. Би ги споменал и изложбите во приватните галерии „Глам", 1989, и „Студио Пановски" во јуни годинава.

**ПУЛС: Што значат изложбите?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Освен општиот одговор дека изложбите се резиме на еден сликарски период, па во таа смисла претставуваат можност за сопствена проценка на постигнатото, тие се и еден вид маркетинг на берзата на уметностите. Колку и да звучи чудно, бројот на самостојните изложби, монографиите, каталозите и медиумската промоција како да стануваат позначајни фактори за реномето на авторот од вредноста на самите дела.

**ПУЛС: Но вие и без многу самостојни изложби имате висок рејтинг?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Не знам колкав е тој рејтинг. За сликарите најважен е рејтингот што тие самите го прават. Инаку, рејтингот или било какво рангирање, кога се зборува за сликарство, ми се чини погрешно.

**ПУЛС: Повеќе од дваесет години сте присутни во македонското сликаство. Член сте на ДЛУМ? Дали тоа Друштво сè уште постои?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Уметниците се индивидуалци. Но, и поради природата на нивната работа тешко се организираат во здруженија што добро функционираат. ДЛУМ постои, но поради причините што веќе ги споменав, поради финансиските причини, а и поради некои други причини за кои не сакам да зборувам зашто спаѓаат во сферата на сицилијанската митологија, тоа работи лошо. На последниот состанок имаше предлог за формирање на Здружение на ликовните уметници на град Скопје, кое би било цеховски организирано и би ги штител тесно-професионалните интереси на ликовните уметници, водејќи притоа особена сметка за критериумите на членување во него. Да се вратиме на ДЛУМ. Еве еден податок за неговото работење. Дури и кога организира изложби од „национален интерес", зборувам за изложби кои ја презентираат македонската современа уметност во други средини, нивото на таа организација е по правило недопустливо ниско. За тоа речито сведочи последната изложба на македонската уметност во Белград, кога експонатите беа транспортирани благодарејќи на добрата волја на камионџиите од „Треска". Резултатот е јасен: задоволни бевме што, сепак, ги добивме назад експонатите по половина година, се разбира оштетени. Од друга страна, кога по неуспешните преговори со официјалните институции за организирање слична изложба во Љубљана, работата ја презеде приватно лице, исходот беше брилијантен: совршен каталог, безбеден транспорт, висока заштита на делата со соодветно осигурување, публицитет. По сè изгледа, како и во другите дејности, доаѓа времето на приватната иницијатива. Во Скопје веќе има неколку сериозни приватни галерии кои организираа поголем број самостојни и групни изложби.



**ПУЛС: Живееме во време кога политиката станува основна преокупација на нашето секојдневие. Во која мера таа влијае на вашата волја за работа?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Политичката ситуација во нашата земја ме погодува тешко. Како и секој друг човек, посветувам огромно време на следењето на дневните настани. Поразно е чувството на сопствената немоќ. Тоа понекогаш прераснува во бес кон сите полуинтелигенти, демократи со сомнително образование, самонаречени национални дејци и спасители што повеќе од нас ја сакаат нашата земја, па си дозволуваат да одлучуваат за нејзината судбина. Порано ноќта завршуваше со играта на мојот другар Рубенс, кој бараше за сите нас пророштва во благото на „Латинските цитати". Сега ноќта завршува во исчекување на последните вести на странските сателитски програми. Шансата да се остане здрав во вакво време е да се пронајде начин да се сочуваш себеси од погубноста на општата атмосфера. Мојот начин, единствениот што го знам, е работата. Сликам, понекогаш дури и насила. Ако денот е навистина лош, тогаш и сонот во фотелјата во моето ателје го прогласувам за креативен.

**ПУЛС: Едно лаичко размислување: во двеилјадната историја, што уште не е насликано?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Не е насликана секоја слика што не е насликана. Таа не мора да биде супериорна во однос на сликите од историјата, но сепак е нова. По средбите со Веласкез го имав чувството дека е беспредметно да се слика. **Вермер** ме распамети. Тоа се недостижни сликари. Од друга страна, ако му се препуштиме на ваквото чувство, историјата на сликарството требаше да заврши пред векови. **Пикасо** ги сликаше сликите на Веласкез, **Гутузо** ги сликаше сликите на Пикасо. И тоа се слики што претходно не биле насликани.

**ПУЛС: Дали постојат сликари што времето треба да ги ревалоризира?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** И луѓето што малку ги интересира сликарството слушнале за Леонардо, Микеланџело, Рембрант, Пикасо. Историјата познава многу големи мајстори. Некои од нив во своето време биле далеку повеќе ценети отколку што тоа се гледа од денешните книги за сликарството. Други ја имаат обратната судбина. Современата историја, за жал, мора да признава и критериуми што, во крајна линија, малку зборуваат или значат за одредувањето на вистинската вредност на делото. Понекогаш тие можат да бидат виновни за неправди, дури грешки. На пример, хронолошкото одредување на еден автор или дело во епоха, сликарски правец, стил итн, толку омилената потреба на сите историчари и ликовни теоретичари, често е причина за неверојатни превиди. Колку до вчера, сликарското чудо на Курбиново се сметаше дека му припаѓа на „доцниот" 16 век. Беше неопходно да се „открие" дека се работи за мајстор од 12 век па живописот да го „заслужи" должното внимание и почит. На Фра Анџелико историјата му забележува дека е „задоцнет" позноготички сликар. Па, тоа е она време кога во Италија се случува **Мазачо**, Ренесансата!? Дваесеттиот век познава уметници што се забележани во историјата на современата уметност затоа што направиле нешто „ново". Но „новото" има краток век: кој сè уште мисли дека **Бернар Бифе** е голем сликар?

**ПУЛС: Што сликате сега?**

**ПЕНУШЛИСКИ:** Сликам некакви предели или градби на вода. За разлика од претходните слики, каде идејата за хоризонт е читлива, сега ми се случуваат некои простори што не припаѓаат никому. Порано, во најмала рака, барем се насетуваше каде завршува градот. Неосвоените, најчесто темни простори, им служеа на оние партии од сликата што, препознатливо, имаат некаква врска со луѓе, со населби (кога велам темни, никако не мислам на простор што е мрачен или застрашувачки). Во поново време се фаќам себеси како изнаоѓам различни оправдувања за да можам, барем во почетокот, да работам на простор кој е поинаку поставен. Понекогаш ни самиот не знам што е „горе", а што „долу", каде почнува водата, кому му припаѓа некоја светлина, на тврдината или на небото. Да речеме, пред извесно време сликав викинзи. Темата треба само условно да се разбере најмалку имав намера да воведувам содржини, литерарни, што би се очекувало ако се помисли на германската митологија. На крајот, на тие две-три слики и нема викинзи, има само некакви бродови, ни на небо ни на вода. Во иста смисла ги разбирам и сликите во кои се појавуваат елементи од охридската црковна и профана архитектура што ги правев ова лето. Тие слики, денес, ми изгледаат најдобро кога ќе ги поставам една врз друга. Форматот станува чуден, неправилен, светлината преминува од една слика на друга без логично објаснување, темните се подраматични, немирните површини без најава стануваат нешто друго. Еден ваков „колаж" како да ми дава знаци: можеби наскоро од него ќе произлезат некои нови, поинакви слики. ■





(стр. 27)